РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-5497
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот Назим Екреми од с.Липково, на 45-та седница одржана на 30.12.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена на 03.12.2019 година од подносителот ------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5497/1 од 03.12.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5497/1 од 03.12.2019 година од причина што пријавата не содржи конкретни наводи за сомневање за злоупотреба на функција, неправилности или незаконитости сторени од страна на наведеното лице.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложениeто, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5497/1 од 03.12.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ------------------.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за неправилности со донесување на одлука на Советот на општина Липково со која една парцела на земјиште што се наоѓа покрај Липковска река, која долго време била користена за пасиште на кравите, била доделена под концесија на едно лице, жител на с.Липково со цел на ова земјиште да изгради игралиште за деца. Во пријавата не се содржани конкретни податоци за тоа на која локација се наоѓа спомената парцела, во чија сопственост е парцелата, ниту се дадени конкретни податоци за лицето на кое му била дадена под концесија споменатата парцела или конкретни наводи за неправилности преземени од службени лица во општината или од наведеното лице. Со оглед на недоволните податоци, но и поради фактот што е изградено детско игралиште, а не објекти за остварување на приватни цели на некое лице, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во пријавениот случај и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk